Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 11.09.2020

На 10.09.2019 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Сопиште го лишиле од слобода Т.Ѓ.(23) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.09.2020 околу 01.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Михајлово во с.Дрен, демиркаписко, кај место викано „Брана", при контрола на возило „нисан" со штипски регистарски броеви, управувано од М.М.(44) од Штип, во кое како сопатници биле Г.И.(31) од Штип и Т.Л.(45) од Демир Капија, пронашле ловечка пушка, рибарска опрема за криволов, три парчиња експлозив, патрони, харпуни и др.. Лицата се лишени од слобода и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.09.2020 во 14.20 часот било пријавено дека на регионалниот пат Скопје–ХЕЦ „Козјак", во атар на с.Батинци, патничко моторно возило „лада нива" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Ф.(50) од с.Алдинци, скопско, удрило во пешакот А.З.(80) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.09.2020 во 19.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат с.Кадрифаково - Штип, кај населба Три чешми, патничко моторно возило „фолксваген пасат" со штипски регистарски ознаки, управувано од Л.В.(47) од Штип, излетало од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката К.В.(42) од Штип констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 10.09.2020 во 21.45 часот било пријавено дека на крстосница од ул.„11-ти Октомври, ул.„Даме Груев" и ул.„Филип Втори Македонски" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „хонда" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Н.(29) од Скопје и патничко моторно возило „фиат браво" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.М. од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.09.2020 во 10.40 часот на Кеј „Димитар Влахов",поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик, од слобода бил лишен К.О.(46) од Р.Турција. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

На 10.09.2020 во 06.42 часот било пријавено дека се случила сообраќајна незгода на ул.„Билбилкамен" во Битола помеѓу патничко возило марка „фиат пунто" со прилепски регистарски ознаки, управувано од А.Ѓ.(28) од с.Воѓани, општина Кривогаштани, и велосипед управуван од Р.С.(53) од Битола. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот и бил пренесен во Клиничка болница Битола за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 10.09.2020 во 22.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.М.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„Јани Лукровски" била касната од куче скитник.

На 10.09.2020 во 13.30 часот во Полициската станица Центар, Р.У.(65) од Скопје пријавила дека на ул.„Охридска" била касната од куче скитник.

Во текот на 10.09.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се две возила бидејќи биле технички неисправни, 10 возила бидејќи биле нерегистрирани, девет возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, пет возачи бидејќи управувале возила под дејство на алкохол, еден возач поради поминување на црвено светло, двајца возачи поради неправилно престигнување и 45 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 10.09.2020 во периодот од 08 до 13 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е сообраќајна акциска контрола за прекршоци при престигнување и законски санкционирани се 55 прекршоци (ТЕ-22 и ГВ-33), кои се однесувале на неправилно престигнување во колона, на забранети и непрегледни места или на други непрописни начини. Во акцијата биле констатирани и 28 други видови прекршоци.

На 11.09.2020 во 02.30 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје била пронајдена Е.М.(18) од Скопје, штитеничка на Јавна Установа за Згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение - Организациона единица Козле, за која на 25.08.2020 во Полициската станица Карпош било пријавено дека се оддалечила од домот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против К.И.(25) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.01.2020 на ул.„11-ти Октомври" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана. Тој бил лишен од слобода и задржан во ПС Кичево.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.И.(32) од Република Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 23.08.2020 на плажа на авто камп лоциран на брегот на Охридското езеро, пријавениот одзел несесер со пари и мобилни телефони со што се стекнал со противправна имотна корист од 90.000 денари.

На 10.09.2020 околу 18.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека Н.Ј.(37) од с.Глишиќ, кавадаречко, се здобил со тешки телесни повреди додека изведувал градежни работи на објект во с.Ваташа, сопственост на П.М.(60) од Кавадарци. Лицето било пренесено во болницата во Кавадарци. Бил извршен увид на местото на настанот.

СВР Скопје - Единицата за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Д.Х.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „даночно затајување". Пријавениот, во периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019, реализираните приливи на својата трансакциска сметка во банка во Скопје од трансакциски сметки на вкупно 11 правни лица во 60 наврати со вкупен износ од 1.810.604 денари не ги пријавил во поднесената задолжителна Годишна даночна пријава до даночниот орган како друг доход, иако согласно одредбите од член 11 ст.2 од „Законот за данок на личен доход" бил должен за овој износ да пресмета и плати данок на личен доходи во износ од 15% од вкупниот доход, односно бил должен да пресмета и плати данок на личен доход во износ од 271.591 денари.

На 10.09.2020 во Полициското одделение Шуто Оризари, М.С.(51) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечил нејзиниот син О.М.(24). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.09.2020 во 16.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Васил Главинов" едно лице со закана со остар предмет од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.09.2020 во СВР Скопје, Д.М.(37) од с.Бузалково,велешко, пријавил дека околу 13.30 часот пред маркет на ул.20 во с.Петровец, скопско, три лица со употреба на сила му одзеле лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.А.(51) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 26.08.2020 во 18.20 часот пријавената не била затекната во својот дом во Гостивар и покрај тоа што имала решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за изолација.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Б.(21), Д.Д.(41) и А.Е.(31), сите од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 08.06.2020 на ул.„Крушевска Република "биле затекнати во движење со патнички моторни возила за време на забрана за движење – полициски час.

На 11.09.2020 во 02.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.А.(23) од с.Никиштани, скопско, пријавил дека од дома се оддалечил неговиот брат Н.А.(22). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет